# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА, ПО ПРЕДМЕТИТЕ: ЕВРОПСКИ ЕКОНОМСКИ ИНТЕГРАЦИИ И ВНАТРЕШЕН ПАЗАР НА ЕУ НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје/Економски факултет – Скопје, објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” од 12.9.2024 година, и исправката на истиот конкурс објавена во весниците „Слободен печат” и „Коха” на 17.9.2024 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област меѓународна економија, по предметите: Европски економски интеграциии и Внатрешен пазар на ЕУ, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-1500/7 од 7.10.2024 година, донесена на седницата одржана на 30.9.2024 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Ирена Кикеркова, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, д-р Љубица Костовска, редовен професор во пензија на Економскиот факултет во Скопје и д-р Катерина Тошевска-Трпчевска, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област меѓународна економија, по предметите: Европски економски интеграции и Внатрешен пазар на ЕУ, во предвидениот рок се пријави вонр. проф. д-р Елена Макревска Дисоска.

**Биографски податоци и образование**

Кандидатката вонр. проф. д-р Елена Макревска Дисоска е родена на 21.6.1984, во Скопје. Средно образование завршила во Скопје, во 2003 година. Со високо образование се стекнала на УКИМ, Економски факултет во Скопје, во 2007 година, на департманот по надворешна трговија. Дипломирала на 2.7.2007 година, со просечен успех 9,26.

На втор циклус (магистерски) студии се запишала на Факултетот за деловна економија и организациони науки, Универзитет „Американ колеџ“ – Скопје, насока: Корпоративни финансии и банкарство. Студиите ги завршила во 2010 година, со просечен успех 9,92. На 15.9.2010 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „360 степени поглед на светската финансиска криза“.

Докторската дисертација ја одбранила на 7.10.2013 година на Економскиот факултет во Скопје при УКИМ. Дисертацијата на тема: „Влијанието на еврото врз надворешнотрговската размена на ЕУ“, ја одбранила пред Комисија во состав: проф. д-р Ирена Кикеркова, проф. д-р Љубе Трпески, проф. д-р Љубица Костовска, академик Таки Фити и проф. д-р Бобек Шуклев. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на науки од научната област економски науки.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Д-р Елена Макревска Дисоска е ангажирана на Економскиот факултет во Скопје од јануари 2013 година година, а официјално е вработена на Економскиот факултет во Скопје од јануари 2014 година.

На 3.4.2020 година е избрана во звањето вонреден професор на Економскиот факултет во Скопје при УКИМ во областа меѓународна економија, по предметите Европски економски интеграции и Внатрешен пазар на ЕУ, што и тековно е нејзин ангажман на Факултетот. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1210 од 1.3.2020 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр. 1210 од 1.3.2020 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

**Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор до денот на пријавата**

Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ/Економски факултет – Скопје, кандидатката вонр. проф. Елена Макревска Дисоска изведува настава на прв циклус студии, по предметите: Европски економски интеграции, Внатрешен пазар на ЕУ и Меѓународни организации и интеграции, и на предметите: Европски економски интеграции и Внатрешен пазар на ЕУ, на вториот циклус студии, на студиската програма Европски економски студии. На трет циклус по Економски науки, кандидатката Макревска Дисоска била ангажирана на изборниот предмет Меѓународна економија, а во јуни 2024 г. станала акредитиран ментор на истите докторски студии.

Во изведувањето на наставата, кандидатката манифестира напредни педагошки вештини и применува современи методски и наставни практики. Успешно и квалитетно ги организира и ги реализира предавањата преку континуирана и отворена интеракција со студентите.

Во функција на наставата, кандидатката е ангажирана со консултации со студенти од прв, втор и трет циклус студии, менторира изработка и презентација на проектни задачи, дипломски и магистерски трудови. Кандидатката, исто така, учествува во изготвување на испитни прашања, организирање и спроведување на испити и колоквиуми по своите предмети.

Кандидатката била ментор на 62 дипломски труда и ментор на 1 магистерски труд. Кандидатката учествувала како член во комисија за оцена и одбрана на 26 дипломски трудови.

Таа е автор на два рецензирани универзитетски учебника од последниот избор под наслов: „Внатрешен пазар на ЕУ“ (2021 година) и „Европски економски интеграции“ (2023 година), двата во издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. За претходниот избор објавила рецензиран учебник под наслов: „Меѓународни организации и интеграции“ (2018 година), во издание на Економскиот факултет во Скопје. Таа подготвила и пакет материјали за предметите: Европски економски интеграции и Внатрешен пазар на ЕУ на втор циклус Европски економски студии.

Конкретните активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот, се наведени во табелата во Анекс 2 (член 2) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

Научноистражувачка дејност

Д-р Елена Макревска Дисоска, од последниот избор до денот на пријавата, објавила вкупно седумнаесет научни трудови. Од трудовите посебно значење имаат два труда, што претставува поглавје од научна монографија објавена во странство и два труда со оригинални научни резултати, објавени во референтно научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор со импакт-фактор. Од останатите објавени трудови, три труда се со оригинални научни резултати објавени во научни/стручни списанија со меѓународен уредувачки одбор, индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет и еден труд е со оригинални научни резултати објавен во научно/стручно списание со меѓународен уредувачки одбор со членови од најмалку три земји. Девет труда се со оригинални научни/стручни резултати објавени во зборници на трудови од научни/стручни собири со меѓународен уредувачки одбор, од кои осум труда се објавени во зборник на трудови на високообразовна институција, а еден труд со оригинални научни/стручни резултати е објавени во зборник на трудови од научен/стручен собир. Таа објавила четири апстракти во зборници на меѓународни конференции и рецензирала тринаесет научни/стручни труда.

Кандидатката учествувала во еден национален проект и во изготвувањето на пријава за три меѓународни проекти, од кои на еден е носител, а на останатите соработник.

Во изборниот период, вонр. проф. д-р Елена Макревска Дисоска одржала деветнаесет секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество, како и едно секциско предавање на национален научен/стручен собир. Кандидатката одржала и предавања на странски универзитети во Полска, Хрватска, Србија, како и на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје при УКИМ.

Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот (називите на трудовите, проектите и сл.), се наведени во табелата во Образец 2, дадена во прилог на овој извештај.

<u>Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>

Кандидатката д-р Елена Макревска Дисоска реализирала исклучително богата стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес во анализираниот период.

Таа била координатор на елаборат за новата студиска програма на втор циклус на студии Европски економски студии од 2022/23 г.

Во целокупниот анализиран период, била активно вклучена во промотивните активности на Факултетот на прв и на втор циклус студии. Исто така, успешно завршила три специјализации: на онлајн интензивната програма по европско право и економија (Online Intensive Programme in European Law and Economics), во организација на Riga Graduate School of Law, основи на економетрија, во организација на Светската банка и онлајн специјализација за изградба на отпорност и одговор на шокови, во организација на УНКТАД.

Кандидатката е член на организационен одбор на пет меѓународни научни собири.

Во анализираниот изборен период, кандидатката реализирала два студиски престоја во странство и учествувала во изготвување и пријавување на три меѓународни и еден национален научно-образовен проект. Исто така, користела две стипендии за краток престој на факултети во Полска и Хрватска, преку академската мрежа ЦЕЕПУС.

Кандидатката д-р Елена Макревска Дисоска во 2024 година добила втор мандат како раководител на втор циклус студии – Европски економски студии. Од 2022 година е раководител на внатрешна организациска единица – Европски тренинг – ЕИТЦ при Економскиот факултет во Скопје.

Таа била активно вклучена во работата на осум факултетски комисии.

Во изминатиот петгодишен период, д-р Елена Макревска Дисоска остварила и експертски активности во евалуација на програмата „Еразмус плус“, Национална агенција за европски образовни програми и мобилност во шест последователни циклуси.

Други активности што припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот, се наведени во табелата во Образец 2, дадена во прилог на овој извештај.

<u>Оценка од самоевалуација</u>

Кандидатката вонр. проф. д-р Елена Макревска Дисоска, во периодот од последниот избор во звањето вонреден професор, заклучно со учебната 2023/2024 година, во континуитет добила позитивна оценка од 9,90 од анонимно спроведените анкети на студентите на Економскиот факултет во Скопје. Ова е уште една потврда за нејзиниот квалитет како универзитетски професор.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на севкупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува плодната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна дејност, како и дејноста од поширок интерес на вонр. проф. д-р Елена Макревска Дисоска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката (вкупно пресметани 261,78 поени, од кои во наставно-образовната дејност – 100,44 поена, во научноистражувачката дејност – 113,84 поени и во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес – 47,5 поени) од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека вонр. проф. д-р Елена Макревска Дисоска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научната област меѓународна економија, по предметите: Европски економски интеграции и Внатрешен пазар на ЕУ.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, вонр. проф. д-р Елена Макревска Дисоска да биде избрана во звањето редовен професор во научната област меѓународна економија, по предметите: Европски економски интеграции и Внатрешен пазар на ЕУ.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ирена Кикеркова, с.р.**
**Проф. д-р Љубица Костовска, с.р.**
**Проф. д-р Катерина Тошевска-Трпчевска, с.р.**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

Кандидат: **Елена Владимир Макревска Дисоска**
Институција: **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје**
Научна област: **меѓународна економија**

ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР

| Ред. Број | Општи услови | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,26.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,92.<br>Просечниот успех изнесува 9,59 за интегрираните студии. | ДА |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: меѓународна економија,<br>Поле: економски науки<br>Подрачје: општествени науки. | ДА |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | ДА |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование:<br>1. Назив на научното списание: International Review of Entrepreneurship, Senate Hall Academic Publishing<br>2. Назив на електронската база на списанија: EBSCO, Thomson-Reuters’ Web of Science ESCI citations index<br>3. Наслов на трудот: “A Comparative Perspective of National Innovation Systems in Europe?”<br>4. Година на објава: 2020 | ДА |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Eastern European Economics<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science. Импакт фактор 1,3 (2023) | ДА |

| | | |
|---|---|---|
| | 3. Наслов на трудот: “Differences in the Impact of Innovation Relationships on Firms’ Productivity: Evidence from CIS 2014”<br>4. Година на објава: 2022 (он-лајн)/2023 | |
| 3.3. | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Journal of Knowledge Economy<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science, импакт фактор 4.0 (2023)<br>3. Наслов на трудот: “A Pooled Overview of the European National Innovation Systems Through the Lenses of the Community Innovation Survey”<br>4. Година на објава: 2024 | ДА |
| 3.4 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Dubrovnik International Economic Meetings<br>2. Назив на електронската база на списанија: EBSCO<br>3. Наслов на трудот: "Determinants of the bilateral trade flows of North Macedonia-a gravity model approach”.<br>4. Година на објава: 2021 | ДА |
| 3.5 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Bulgarian Journal of International Economics and Politics<br>2. Назив на електронската база на списанија: EBSCO<br>3. Наслов на трудот: “Estimating the impact of EU membership on United Kingdom’s export by using gravity model “<br>4. Година на објава: 2021 | ДА |
| 3.6 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>1. Назив на зборникот: *Proceedings from the 4th International Scientific Conference Economic and Business Trends Shaping the Future*<br>2. Назив на меѓународниот собир: *4th International Scientific Conference Economic and Business Trends Shaping the Future, 9-10.11.2023.* Faculty of Economics – Skopje, UKIM.<br>3. Имиња на земјите: *Австрија, Аргентина, Албанија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Велика Британија, Германија, Ирска, Канада, Полска, Португалија, САД, Северна Македонија,* | ДА |

| | | |
|---|---|---|
| | *Словенија, Словачка, Србија, Турција, Франција, Хрватска, Црна Гора, Швајцарија*<br>4. Наслов на трудот: “How to increase trade in Southeast Europe by applying trade facilitation measures “<br>5. Година на објава: 2023 | |
| 4. | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира<br>1. Наслов на учебникот: Внатрешен пазар на ЕУ<br>2. Место и година на објава: Скопје, мај 2021 | ДА |
| 5. | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 1.3.2020, Универзитетски билтен бр. 1210 | ДА |
| 6. | Има способност за изведување на високообразовна дејност | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ирена Кикеркова, с.р.**
**Проф. д-р Љубица Костовска, с.р.**
**Проф. д-р Катерина Тошевска-Трпчевска, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

Кандидат: **Елена Владимир Макревска Дисоска**
Институција: **Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје**
Научна област: **меѓународна економија**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на настава**<br>(неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар * бодување * години на изведување на настава); (бодување: 0,04 за прв циклус; 0,05 за втор циклус)<br><br>**Прв циклус студии (42)**<br>2020/2021<br>▪ Европски економски интеграции (6*15*0,04=3,6)<br>▪ Единствен пазар на ЕУ (6*15*0,04=3,6)<br>▪ Меѓународни организации и интеграции (6*15*0,04=3,6)<br>2021/2022<br>▪ Европски економски интеграции (6*15*0,04=3,6)<br>▪ Единствен пазар на ЕУ (6*15*0,04=3,6)<br>▪ Меѓународни организации и интеграции (6*15*0,04=3,6)<br>2022/2023<br>▪ Европски економски интеграции (6*15*0,04=3,6)<br>▪ Единствен пазар на ЕУ (6*15*0,04=3,6)<br>▪ Меѓународни организации и интеграции (6*15*0,04=3,6)<br>2023/2024<br>▪ Европски економски интеграции (6*15*0,04=3,6)<br>▪ Единствен пазар на ЕУ (6*15*0,04=3,6)<br>▪ Меѓународни организации и интеграции (4*15*0,04=2,4)<br><br>**Втор циклус студии (12)**<br>2020/2021<br>▪ Европски економски интеграции (30*0,05=1,5)<br>▪ Единствен пазар на ЕУ (30*0,05=1,5)<br>2021/2022<br>▪ Европски економски интеграции (30*0,05=1,5)<br>▪ Единствен пазар на ЕУ (30*0,05=1,5)<br>2022/2023<br>▪ Европски економски интеграции (40*0,05=2)<br>▪ Единствен пазар на ЕУ (40*0,05=2)<br>2023/2024<br>▪ Европски економски интеграции (40*0,05=2)<br>▪ Единствен пазар на ЕУ (40*0,05=2) | **56,0** |
| **2.** | **Настава во школи и работилници (раководител 1,5 - учесник 1 поен)**<br>▪ Одржано предавање на Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, во рамките на меѓународна летна школа (5th Itinerant Summer University in the Balkans "Crisis of the Rule of Law in the Balkans and the EU"), во организација на Универзитет „Париз Нантере“, Универзитет „Мунстер“ (Université Paris Nanterre, | **10,0** |

| | | |
|---|---|---|
| | Universität Münster) и Правен факултет „Јустинијан Први“, на 5.5.2022 година (1 поен)<br>▪ Одржани три предавања на Универзитетот за економија во Краков, Факултет за меѓународна економија (Krakow University of Economics, International Trade Department), 12 – 17.3.2023 (1 поен *3=3 поени)<br>▪ Одржани три предавања на Факултетот за економија и бизнис, Универзитет во Риека, Хрватска, 8.4.-14.4.2024 (1 поен *3= 3 поени)<br>▪ Одржано предавање (онлајн) на меѓународна летна школа „Жан Моне – Меѓународна околина и Европска интеграција“ во организација на Факултетот за економија и бизнис, Универзитет во Риека, Хрватска, 1 – 12.7.2024 (1 поен)<br>▪ Одржано предавање на втората научноистражувачка студентска конференција на Економски факултет – Скопје и Правен факултет „Јустинијан Први“ – НИСКЕП на 20 – 22.10.2021 година (1 поен)<br>▪ Одржано предавање на работилница „Јавна дискусија за можностите и предизвиците на регионалната иницијатива Отворен Балкан“, Факултет за економија и бизнис, Универзитет во Белград (1 поен). | |
| **3.** | **Одржување на вежби**<br>(неделен број на часови * бр. на работни недели во семестар * бодување * години на изведување на вежби); (бодување:0,03)<br><u>2020/2021</u><br>▪ Меѓународни организации и интеграции (2*15*0,03=0,9)<br><u>2021/2022</u><br>▪ Меѓународни организации и интеграции (2*15*0,03=0,9)<br><u>2022/2023</u><br>▪ Меѓународни организации и интеграции (2*15*0,03=0,9) | **2,7** |
| **4.** | **Консултации со студенти**<br>**Прв циклус (0.734)**<br>(број на студенти*бодување); (бодување: 0,002)<br>▪ Европски економски интеграции **(74*0.002=0.148):** (24*0.002=0.048 за 2020/2021г.); (12*0,002=0.024 за 2021/2022г.); (18*0,002=0.036 за 2022/2023 г.); (20*0,002=0,04 за 2023/2024г.).<br>▪ Единствен пазар на ЕУ **(100*0,002=0,2):** (36*0.002=0.072 за 2010/2021г.); (32*0,002=0,064 за 2021/2022г.); (19*0,002=0,038 за 2022/2023 г.); (13*0,002=0,026 за 2023/2024г.)<br>▪ Меѓународни организации и интеграции **(193*0.002=0.386)**: (66*0.002=0,132 за 2020/2021г.); (61*0,002=0.122 за 2021/2022г.); (47*0,002=0.094 за 2022/2023 г.); (19*0,002=0,038 за 2023/2024г.).<br>**Втор циклус (0,004)**<br>▪ Европски економски интеграции: (1*0,002=0,002 за 2021/2022 год.);<br>▪ Единствен пазар на ЕУ **(0,002)**: (1*0,002=0.002 за 2021/2022)<br>**Трет циклус (0,002)**<br>▪ Меѓународна економија: (1*0,002=0,002 за 2023/2024г.) | **0,74** |
| **5.** | **Ментор на дипломска работа**<br>(број на менторства * бодување); (бодување: 0,2)<br>▪ (62* 0,2 =12,4) | **12,4** |
| **6.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломски труд**<br>(број на комисии * бодување); (бодување: 0,1) | **2,6** |

| | | |
|---|---|---|
| | ▪ (26*0,1 = 2,6) | |
| 7. | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник** (бодување: автор – 8, коавтор – 6)<br>▪ Внатрешен пазар на ЕУ, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, мај 2021 година (автор), ISBN 978-9989-43-456-3 (8 поени)<br>▪ Европски економски интеграции, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, мај 2023 година (коавтор), ISBN 978-608-212-090-4 (6 поени) | **14,0** |
| 8. | **Пакет материјали за одреден предмет**<br>• Внатрешен пазар на ЕУ (втор циклус) – 1 поен<br>• Европски економски интеграции (втор циклус) – 1 поен | **2,0** |
| | **Вкупно** | **100,44** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Ментор на магистерска работа (2 поени)**<br>▪ Ментор на магистерска работа (1 кандидат) | **2,0** |
| 2. | **Дел од монографија објавена во странство (6 поени)**<br>▪ **Makrevska Disoska, E.** and Shapkova Kocevska, K., (2024). “The determinants of EU trade: Evidence from panel data gravity model”. 28th International Conference of the ERECO-PGV Network- Cooperation and enlargement: What reconfiguration is planned for the EU?. Published in “Cooperation and Enlargement: Two Challenges to be addressed in the European Projects-2022”, Springer (6*0,9=5,4)<br>▪ Toshevska, T.K., Kikerkova, I., **Makrevska Disoska.E.** and Kocev,Lj. (2022). “The importance of Intellectual Property Law in the Prevention of Selling Counterfeit Products Online in Counterfeiting and Fraud in Supply Chains”. Counterfeiting and Fraud in Supply Chains, Emerald Publishing (6*0,6=3,6) | **9,0** |
| 3. | **Учесник во национален научен проект (3 поени)**<br>▪ Научен национален проект: “Влијанието на промените во меѓународната економија снабдување и конкурентноста на македонските компании”, Економски факултет - Скопје, УКИМ (Одлука бр.02-1141/108 од 23.12.2022год.). | **3,0** |
| 4. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank, MathSciNet (Mathematical Reviews), Zentralblatt fur Mathematik и Реферативный журнал "Математика" или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование (5 поени)[1]**<br>▪ Kikerkova, I., **Makrevska Disoska, E.,** Toshevska-Trpchevska, K., and Tonovska, J., (2021): “Determinants of the bilateral trade flows of North Macedonia-a gravity model approach”, *Dubrovnik International Economic Meeting*, vol. 6, No. 1, 2021, pp. 98-107. https://doi.org/10.17818/DIEM/2021/1.10 (5*0.6=3 поени).<br>▪ **Makrevska Disoska, E.,** Toshevska T.K., Kikerkova I.,and Tonovska, J. (2021). “Estimating the impact of EU membership on | **9,0** |

| | | |
|---|---|---|
| | United Kingdom's export by using gravity model." *Bulgarian Journal of International Economics and Politics,* 2021 (1):7-16 DOI: https://doi.org/10.37075/BJIEP.2021.1.01 (5*0.6=3 поени)<br>▪ Toshevska-Trpchevska, K., **Makrevska Disoska, E.**, Stojkovski V., and Tevdovski, D. (2020). "A Comparative Perspective of the National Innovation Systems in Europe". *International Review of Entrepreneurship*. vol. 18:2, pp. 255-278 (5*0.6=3 поени) | |
| 5. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование (8 поени + И.Ф.)**[1]<br>▪ **Makrevska Disoska,** E., Toshevska-Trpchevska, K., Tevdovski, D., Jolakovski, P., and Stojkovski, V., (2024), "A Pooled Overview of the European National Innovation Systems Through the Lenses of the Community Innovation Survey", *Journal with Knowledge Economy* 15, pp. 3660-3684, https://doi.org/10.1007/s13132-023-01173-4. Импакт фактор: 4 за 2023 година. ((8+4)*0.6=7.2)<br>▪ Stojkoski, V., Toshevska-Trpchevska, K., **Makrevska Disoska, E.,** and Tevdovski, D. (2022). Differences in the Impact of Innovation Relationships on Firms' Productivity: Evidence from CIS 2014. *Eastern European Economics*, *61*(4), 378–402. https://doi.org/10.1080/00128775.2022.2075392 Импакт фактор 1,4 -2023 (5 year IF). ((8+1.4)*0,6=5.64) | **12,84** |
| 6. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови[1] (5 поени)**<br>▪ Toshevska T.K., Kikerkova, I., **Makrevska Disoska, E**., and Tonovska, J. (2022). "Challenges for Western Balkan Countries Regional Integration: the Case of North Macedonia", *European Scientific Journal*, Vol. 18, No.22 (5*0.6=3 поени) | **3,0** |
